Врз основа на договорот број **Rd-02-29-233, 21.10.2016** за доделување на субвенции за реализација на проектот "**Shift towards online and offline entrepreneurship community**" склучен помеѓу: Здружение Центар за Интеркултурен Дијалог, претставувано од Милош Ристовски и Министерство за регионален развој и јавни работи на Р.Бугарија, Генерален Директорат "Territorial Cooperation Management", менаџмент тело за Програмата Interreg- IPA CBC Bulgaria-the former Yugoslav Republic of Macedonia Programme 2014-2020 со референтен број:2014TC1615CB006 претставувано од Г-ѓа Мариа Дузова, генерален директор на Директоратот и Г-дин Емил Стојанов, извршен директор на Департманот за финансиски менаџмент и контрола.

Директорот на Центар за интеркултурен дијалог на ден **19.12.2016** година, ја одобрува следната одлука за:

## ОТВОРЕН ПОВИК ЗА УСЛУГА-ПРЕВОЗ НА ПРОЕКТЕН ТИМ

### Член 1

За потребите во рамките на проектот ""**Shift towards online and offline entrepreneurship community**" се отвора повик за обезбедување на услуга- превоз на проектен тим составен од 2 члена за следните проектни настани

- Превоз на проектниот тим на релација Куманово- Ќустендил-Куманово - за реализација на првиот Проектен состанок (2 дена), кој ќе се одржи на 27.12-28.12.2016 во Ќустендил
- Превоз на проектниот тим на релација Куманово-Ќустендил-Куманово - за учество на Семинар во Р.Бугарија (3 дена)
- Превоз на проектниот тим на релација Куманово-Ќустендил-Куманово - за Студиска посета (2 дена)
- Превоз на проектниот тим во на релација Куманово-Ќустендил-Куманово - за учество на Финалната конференција (1 ден)
- Превоз на проектниот тим на релација Куманово-Ќустендил-Куманово и определени локации на пограничната зона со Р.Бугарија- за реализација на проектниот Караван

Освен првиот наведен настан, останатите ќе бидат реализирани во 2017 година, а за конкретните термини заинтересираните кандидати ќе бидат навремено известени.

### Член 2

Ги повикуваме сите заинтересирани кандидати своите понуди да ги доставаат на info@cid.mk или milos@cid.mk.

Рокот за доставување на понудите е 23.12.2016 година.

Изборот на кандидатите ќе се изврши според критериумот на најниска цена.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Куманово,** 19.12.2016

**Центар за интеркултурен дијалог**

Милош Ристовски

Директор